# *И З В Е Ш Т А Ј*

## *ЗА РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ*
## *ЗА 2022 ГОДИНА*

***СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2023 ГОДИНА***

## 1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

### --- ОБЕМ НА РАБОТА ---

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2022 година имал обем на работа од вкупно 19.726 предмети, која бројка ја сочинуваат 6.897 предмети пренесени како незавршени од претходниот извештаен период, 12.736 новопримени предмет (од кои 4 се погрешно заведени) и 97 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 12.887 предмети, и тоа 12.806 од новопримените предмети и 81 од предметите повторно земени во работа.

Во однос на бројот на незавршени предмети на крајот на годината заклучно со 31.12.2022 година останале 6.839 незавршени предмети, што претставува намалување на заостатокот незавршени предмети за 58 предмети во однос на претходната година.

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.897 | 12.736 | 97 | 4 | 19.726 | 12.887 | 6.839 |

Таб.1 Сумарен преглед за движење на предмети за 2022 година

## 2. РАБОТА НА СУДОТ ВО РАМКИТЕ НА СУДСКАТА УПРАВА

| **Вид на предмети** | **Нерешени предмети на почеток на годината** | **Новопримени предмети** | **Предмети повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Останати нерешени предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-СУ-07 | 1 | 1556 | / | 1557 | | 1552 | 5 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | / | 1 | / | 1 | | 1 | / |
| СУ-ИЗЗ | | 495 | / | 495 | | 495 | / |
| УПП | / | 584 | / | 584 | | 584 | / |
| СПИ | / | 54 | / | 54 | | 54 | / |
| **ВКУПНО** | 1 | 2690 | / | 2691 | | 2686 | 5 |

таб.2 Сумарен преглед за движење на предмети во судска управа за 2022 година

## 3. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА НИВО НА СУД

Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на преоценка на одлуките по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 525 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 4,07% од вкупниот број 12.887 донесени одлуки во извештајната година, од кои 409 одлуки или 3,17% од вкупно решените предмети се потврдени, 86 одлуки или 0,67% од вкупно решените предмети се укинати и 30 одлуки или 0,23% од вкупно решените предмети се преиначени.

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 12.887 | 409 | 3,17 | 86 | 0,67 | 30 | 0,23 |

Во однос на бројот од 525 одлуки добиени од Врховниот суд на Република Северна Македонија, 409 одлуки, односно 77,90% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 86 одлуки, односно 16,38% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 30 одлуки, односно 5,72% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 525 | 409 | 77,90 | 86 | 16,38 | 30 | 5,72 |

## 4. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал, кривични предмети – деца и прекршочни предмети

Во Кривичниот оддел во извештајната година вкупно во работа имало 1.548 кривични предмети (КЖ) од кои 397 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.137 предмети се новопримени и 14 предмети се повторно заведени во работа, при што судот вкупно завршил 977 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 571 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 1.655 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 107 предмети. Приливот е за 61 предмет помал во однос на претходната година кога се примени 1.212 предмети. Бројот на решените кривични предмети во извештајната година е намален за 281 предмет во однос на претходната година кога се решени 1.258 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 397 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети е зголемен за 174 предмети, т.е останати се како нерешени 571 предмети.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал (КОКЖ), при што во извештајниот период во работа имало вкупно 214 предмети, од кои 166 предмети се новопримени (од кои 1 предмет е погрешно заведен), а 49 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период. Од вкупниот број предмети во работа завршени се 156 предмети, а како нерешени останале 58 предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 167 предмет, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 47 предмети. Приливот е за 46 предмети поголем во однос на претходната година кога се примени 119 предмети. Бројот на решените КОКЖ предмети во извештајната година е зголемен за 38 предмети во однос на претходната година кога се решени 118 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 49 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети од организиран криминал е зголемен за 9 предмети, т.е останати се како нерешени 58 предмети.

Исто така, во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 38 предмети, од кои 36 предмет се новопримени, а 2 предмети се пренесени како нерешен од претходниот период. До крајот на извештајната година, решени се 32 предмети кои биле во работа, а незавршени останале 6 предмети.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 32 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 6 предмети. Приливот е за 5 предмети поголем во однос на претходната година кога се примени 31 предмет Бројот на решените кривични предмети – деца во извештајната година е зголемен за 2 предмети во однос на претходната година кога се решени 30 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 2 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети е зголемен за 4 предмети, т.е останати се како нерешени 6 предмети.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочни предмети (ПРКЖ). Во текот на извештајната 2022 година во работа имало вкупно 3.810 прекршочни предмети, од кои 2.148 предмети се новопримени и 1 предмет е повторно заведен во работа, а 1.661 предмет е пренесен од претходниот извештаен период. Во текот на извештајниот период решени се 2.345 предмети, а на крајот на годината 1.465 предмети останале нерешени и оваа бројка е пренесена во наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот имал во работа 3.672 предмети, во извештајната 2022 година обемот на работа е зголемен за 138 предмети, а бројот на решени предмети е зголемен за 334 предмети во однос на решените 2.011 предмети во 2021 година. Како последица на зголемениот број на решени предмети, бројот од 1.465

предмети остаток на крајот на 2022 година претставува намалување за 196 предмети во однос на бројот на нерешени предмети на крајот од претходниот извештаен период, кога изнесувал 1.661 предмет.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Ново-примени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 397 | 1.137 | 14 | | 1.548 | 977 | 571 |
| КОКЖ | 49 | 166 | | 1 | 214 | 156 | 58 |
| КЖМ | 2 | 36 | | | 38 | 32 | 6 |
| КСЖ | 48 | 717 | | | 765 | 741 | 24 |
| КР | 10 | 142 | | | 152 | 143 | 9 |
| Вкупно: | **506** | **2.198** | **14** | **1** | **2.717** | **2.049** | **668** |
| ПРКЖ | 1.661 | 2.148 | 1 | | 3.810 | 2.345 | 1.465 |
| Вкупно: | **2.167** | **4.346** | **15** | **1** | **6.527** | **4.394** | **2.133** |

## 5. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на преоценка на донесените одлуки по изјавени вонредни правни средства, од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на РСМ по повод изјавени правни средства претставувале 125 судски одлуки за кривични предмети на Апелациониот суд Скопје, што претставува 2,84% од вкупниот број 4.394 донесени одлуки во извештајната година, од кои 108 одлуки или 2,46% од вкупно решените предмети се потврдени, 16 одлуки или 0,36% од вкупно решените предмети се укинати и 1 одлука или 0,02% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 977 | 80 | 8,19 | 13 | 1,33 | 1 | 0,10 |
| КОКЖ | 156 | 25 | 16,03 | 2 | 1,28 | / | / |
| КЖМ | 32 | 1 | 3,13 | / | / | / | / |
| КСЖ | 741 | 1 | 0,13 | / | / | / | / |
| КР | 143 | / | / | / | / | / | / |
| ПРКЖ | 2.345 | 1 | 0,04 | 1 | 0,04 | / | / |
| **Вкупно:** | **4.394** | **108** | **2,46** | **16** | **0,36** | **1** | **0,02** |

Во однос на бројот од 125 одлуки добиени од Врвниот суд на РСМ, 108 одлуки, односно 86,40% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 16 одлуки, односно 12,80% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 1 одлука, односно 0,80% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | Укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 94 | 80 | 85,11 | 13 | 13,83 | 1 | 1,06 |
| КОКЖ | 27 | 25 | 92,59 | 2 | 7,41 | / | / |
| КЖМ | 1 | 1 | 100,00 | / | / | / | / |
| КСЖ | 1 | 1 | 100,00 | / | / | / | / |
| КР | / | / | / | / | / | / | / |
| ПРКЖ | 2 | 1 | 50,00 | 1 | 50,00 | / | / |
| Вкупно: | 125 | 108 | 86,40 | 16 | 12,80 | 1 | 0,80 |

Во Кривичниот оддел од вкупно завршени 977 предмети полнолетни лица, постапката до еден месец траела во 106 предмети, до два месеци постапката траела во 179 предмети, до три месеци во 140 предмети, постапката во 324 предмети траела од три до шест месеци и кај 228 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупниот број 156 кривични предмети од организиран криминал, кои се завршени во текот на годината, постапката во 25 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 23 предмети, до три месеци во 24 предмети, постапката во 52 предмети траела од три до шест месеци и кај 32 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупниот број 32 кривични предмети - деца, кои се завршени во текот на годината, постапката во 18 предмети траела до еден месец, во 8 предмети постапката траела до два месеци, во 5 предмети постапката траела до три месеци и во 1 предмет постапката траела од три до шест месеци.

Од вкупниот број 2.345 прекршочни предмети, кои се завршени во текот на годината, постапката во 362 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 233 предмети, до три месеци во 150 предмети, постапката во 352 предмети траела од три до шест месеци и кај 1.248 предмети постапката траела над шест месеци.

## 6. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Во текот на 2022 година во Судот во работа имало вкупно 6.414 граѓански предмети, од кои 2.293 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 4.078 предмети (од кои 1 е погрешно заведен) се новопримени и 44 предмети повторно

во работа, при што Судот вкупно решил 3.684 предмети, а на крајот од годината нерешени останале 2.730 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 6.598 предмети, обемот на работа во извештајната година е намален за 184 предмети. Приливот во извештајната година е намален за 802 предмети во однос на претходната година, кога се примени 4.923 предмети. Исто така, намален е и бројот на решени предмети во извештајната година и тоа за 621 предмет помалку во однос на претходната година кога биле решени 4.305 предмети. Бројот на предмети останати во работа на крајот од извештајниот период е зголемен за 437 предмети во однос на 2.293 предмети кои биле останати во работа на крајот од 2021 година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Ново-примени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 2.293 | 4.068 | 44 | 1 | 6.404 | 3.675 | 2.729 |
| Р | | 10 | | | 10 | 9 | 1 |
| Вкупно: | 2.293 | 4.078 | 44 | 1 | 6.414 | 3.684 | 2.730 |

Во почетокот на 2022 година во Граѓанскиот оддел на судот беа распоредени 11 судии, а на крајот на годината во одделот постапуваа само 9 судии.

## 7. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на преоценка на донесените одлуки по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на РСМ по повод изјавени правни средства претставувале 194 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 5,26% од вкупниот број 3.684 донесени одлуки во извештајната година, од кои 142 одлуки или 3,85% од вкупно решените предмети се потврдени, 18 одлуки или 0,49% од вкупно решените предмети се укинати и 34 одлуки или 0,92% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 3.675 | 142 | 3,86 | 18 | 0,49 | 34 | 0,92 |
| Р | 9 | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно: | 3.684 | 142 | 3,85 | 18 | 0,49 | 34 | 0,92 |

Во однос на бројот од 194 одлуки добиена од Врвниот суд на РСМ, 142 одлуки, односно 73,20% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 18 одлуки, односно 9,28% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 34 одлуки, односно 17,53% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 194 | 142 | 73,20 | 18 | 9,28 | 34 | 17,53 |

Во Граѓанскиот оддел од вкупно решени 3.684 „ГЖ“ предмети, постапката до еден месец траела во 893 предмети, до два месеци во 111 предмети, до три месеци во 170 предмети, од три до шест месеци во 826 предмети и над шест месеци во 1.684 предмети.

## 8. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ

Одделот за работни спорови во текот на 2022 година во работа имал вкупно 4.373 предмети, од кои 1.878 предмети биле пренесени од претходниот извештаен период, а 2.490 предмети се новопримени (од кои 2 се погрешно заведени) и 7 предмети повторно во работа, при што решени се вкупно 3.048 предмети, а на крајот на годината останале 1.325 нерешени предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот, исто така, во работа имал вкупно 4.373 предмети, нема промена во обемот на работа. Приливот во извештајната година е намален за 237 предмети во однос на претходната година, кога се примени 2.732 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е зголемен за 553 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.495 предмети. Бројот на предмети останати во работа на крајот од извештајниот период е намален за 553 предмети, во однос на 1.878 предмети кои биле останати во работа на крајот од 2021 година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РОЖ | 1.878 | 2.490 | 7 | 2 | 4.373 | 3.048 | 1.325 |

Во првите девет месеци од 2022 година во Одделот за работни спорови, беа распоредени 9 судии, а на крајот на годината во одделот постапуваа само 7 судии.

## 9. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ

Одделот за работни спорови на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на РСМ по повод изјавени правни средства претставувале 60 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 1,97% од вкупниот број 3.048 донесени одлуки во извештајната година, од кои 47 одлуки или 1,54% од вкупно решените предмети се потврдени, 9 одлуки или 0,30% од вкупно решените предмети се укинати и 4 одлуки или 0,13% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| РОЖ | 3.048 | 47 | 1,54 | 9 | 0,30 | 4 | 0,13 |

Во однос на бројот од 60 одлуки добиени од Врховниот суд на РСМ, 47 одлуки, односно 78,33% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 9 одлуки, односно 15,00% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 4 одлуки, односно 6,67% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | број | % | број | % | број | % |
| РОЖ | 60 | 47 | 78,33 | 9 | 15,00 | 4 | 6,67 |

Од вкупно завршените 3.048 предмети „РОЖ“ од областа на работните спорови, постапката до еден месец траела во 111 предмети, до два месеци во 50 предмети, до три месеци во 43 предмети, од три до шест месеци во 927 предмети и над шест месеци кај 1.917 предмети.

## 10. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ

Трговскиот оддел во текот на извештајната 2022 година во работа имал вкупно 2.412 предмети од кои 559 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а 1.822 предмети се новопримени и 31 предмет повторно во работа, при што Судот решил вкупно 1.761 предмет, а на крајот на годината останале 651 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната 2021 година кога Судот во работа имал 3.080 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 668 предмети. Приливот во извештајната година е намален за 359 предмети во однос на претходната година кога биле примени вкупно 2.212 предмети. Бројот на решени трговски спорови во извештајната година е намален за 760 предмети во однос на претходната година кога биле решени 2.521 предмет. На крајот од извештајната 2022 година останале 651 незавршен предмет, што е за 92 предмети повеќе од минатата извештајна година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Ново-примени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТСЖ | 559 | 1.822 | 31 | | 2.412 | 1.761 | 651 |

Во текот на 2022 година во за Трговскиот оддел, по предмети од ТСЖ уписник постапувале 6 судии.

## 11. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ

Трговскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на РСМ по повод изјавени правни средства претставувале 146 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 8,29% од вкупниот број 1.761 донесени одлуки во извештајната година, од кои 112 одлуки или 6,36% од вкупно решените предмети се потврдени, 7 одлуки или 0,40% од вкупно решените предмети се укинати и 27 одлуки или 1,53% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ТСЖ | 1.761 | 112 | 6,36 | 7 | 0,40 | 27 | 1,53 |

Во однос на бројот од 146 одлуки добиени од Врховниот суд на РСМ, 112 одлуки, односно 76,71% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 7 одлуки, односно 4,80% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 27 одлуки, односно 18,49% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | Број | % | број | % |
| ТСЖ | 146 | 112 | 76,71 | 7 | 4,80 | 27 | 18,49 |

Од вкупно завршените 1.761 предмети „ТСЖ“ по трговски спорови, постапката до еден месец траела во 356 предмети, до два месеци во 210 предмети, до три месеци во 234 предмети, од три до шест месеци во 653 предмети и над шест месеци во 308 предмети.

## 12. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

| Вид предмет | Нерешени - стари предмети | Новопримени -стари предмети | Вкупно во работа - стари предмети | Решени - стари предмети | Остаток - стари предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 138 | 345 | 483 | 235 | 248 |
| КОКЖ | 8 | 41 | 49 | 33 | 16 |
| КСЖ | 2 | 3 | 5 | 5 | / |
| КР | | | | | |
| ПРКЖ | 1.025 | 967 | 1.992 | 1.249 | 743 |
| ГЖ | 720 | 2.302 | 3.022 | 1.705 | 1.317 |
| РОЖ | 454 | 1.716 | 2.170 | 1.946 | 224 |
| ТСЖ | 61 | 371 | 432 | 332 | 100 |
| Вкупно: | 2.408 | 5.745 | 8.153 | 5.505 | 2.648 |

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2022 година во работа имал вкупно 8.153 стари предмети, од кои 2.408 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 5.745 предмети во текот на извештајниот период поминал периодот од 6 месеци од прием на предметот во Судот. Во Судот биле решени вкупно 5.505 стари предмети, а на крајот на годината останале 2.648 нерешени стари предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Со оглед на погоре изнесената состојба, по однос на работата на судот на општо ниво, е очигледно дека судот успеал да го совлада приливот на нови предмети, но за обележување е засилениот ангажман на судиите кои судиската функција ја извршуваат во Апелациониот суд Скопје, како и целокупниот кадар, а преку надминување на ориентационата норма од страна на скоро сите судии, односно завршување далеку поголем број предмети од утврдениот со ориентационата норма што е константна појава во Судот.

## 13. КРАТКИ КОНСТАТАЦИИ ЗА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ, ИФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА И ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

### ***ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ***

Апелациониот суд Скопје својата дејност ја извршува во сопствена зграда, меѓутоа во извештајната 2022 година, како и подолг период наназад, не задоволуваат просторните услови за непречено функционирање на судот, а со оглед да во истата зграда функционираат и други институции кои исто така ги извршуваат работите од својата надлежност во истиот објект и заземаат поголем дел од просторот. Моментално судот, како е погоре изнесено, својата функција ја извршува со непотполн состав, како по однос на носителите на судиска функција, така и во поглед на стручните судски службеници и административно технички судски службеници, така што со целосно пополнување на бројот согласно систематизацијата, судот ќе се соочи со просторен проблем – недоволен број канцеларии за сите вработени во судот. Пандемијата предизвикана од вирусот Ковид -19 веќе доведе до просторни проблеми во судот и организацијата на работа во истиот. Имајќи ги предвид протоколите за однесување, заштита и превенција од вирусот, во судот се изврши преорганизација на канцелариите и просторот кој го користат судските референти – дактилографи, но и судските референти од писарниците на судот, со тоа што беа потребни дополнителни канцеларии со цел заштита на вработените преку распоредување во повеќе канцеларии. Вработените беа распоредени согласно просторните услови по еден до двајца во канцеларија, со оглед и на големината на просторијата, а внимавајќи на условите и хигиената, дополнително зафатените простории беа молерисани, заменет е подот со поставување нов ламинат и монтирани клима уреди во текот на 2021 година а во извештајната 2022 година поставен е истотака и вариолајт. Во текот на 2022 година во судот е спроведена постапка за расходување на електронски отпад, како и на канцелариски мебел и истите се предадени на лиценцирани фирми на рециклирање и ништење. По пат на електронско наддавање две возила сопственост на судот се расходувани и за истите судот примивкупна сума во вредност од 600 евра во денарска противвредност.

**Анализа на состојбата** - Судската зграда каде Апелациониот суд Скопје ја извршува својата дејност датира од 60-тите години на минатиот век, а ја сочинуваат три ката, приземје и подрумски простории (архива.)

**Одржувањето на зградата предвидува одржување на:**

- електрична инсталација – вградена со изградба на зградата и неопходно е реновирање на истата поради постојаните нови оптеретувања;
- водоводна и одводна мрежа – поставена со изградба на зградата и потребно реновирање поради честите дефекти и дотраеноста. Во дел е извршена реконструкција, по однос на доводот, но следи довршување и по однос на одводот, согласно претходно изготвен проек, за што е добиена и неопходната согласност и дозвола за превземање на работите од Министерството за транспорт и врски.
- систем за греење – поставен со изградба на зградата и потребно е итно реновирање поради чести дефекти за која цел е изготвен проект чија реализација следи по одобрување на потребните финансиски средсва од Судско буџетскиот совет, а за кој проект и реконструкција е обезбедена исто така и неопходната согласност и дозвола за превземање на работите од Министерството за транспорт и врски.

Превземањето на неопходните чекори за итно санирање на електричната инсталација, водоводната и одводна мрежа, системот за греење, влијае и на севкупната безбедносна состојба на вработените, странките, во крајна линија и предметите.

**Предлози за подобрување:**

Инвестициона програма за 2022 година, согласно и Стратешкиот план на Апелациониот суд Скопје

Приоритетни инвестиции

1. Реконстрункција на топловодна инсталација – вредност 18.000.000,00 денари;
2. Надзор на Реконстрункција на топловодна инсталација – вредност 360.000,00 денари;
3. Реконструкција на надворешни инсталации (водоводна, канализациона, атмосферска) и партер - паркинг — вредност 7.670.000,00 денари;
4. Надзор на реконструкција на надворешни инсталации – вредност 150.000 денари;
5. Реконструкција на фасадна браварија – надворешни прозорци – 18.500.000,00 денари-инвестиција врзана со енергетската криза, а за цел заштеда на енергија и топлина.

Други инвестиции

6. Реконструкција и опремување на четири сали за судење по изготвен проект – вредност 6.700.000,00 денари;
7. Реконструкција и опремување на два кабинета – вредност 1.000.000,00 денари;
8. Проект за систем за противпожарна заштита во судската зграда – 300.000,00 денари
9. Ревизија на Проект за систем за противпожарна заштита во судската зграда- 30.000,00 денари

## ***ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА***

Во текот на извештајната 2022 година, целокупното управување со движењето на судските предмети, како и донесувањето на судските одлуки се одвива со користење на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС). Во системот се води електронска евиденција на потребните податоци во врска со предметите и се изготвуваат акти во истите. Посебно внимание се посветува на автоматската распределба, како и на повторната автоматска распределба на судските предмети по судии. Континуирано се следи и квалитетот на внесените податоци, во смисла дали истите се пополнуваат целосно и точно. Исто така, постојано се врши подобрување и оптимизирање на работата во АКМИС за секоја корисничка група на системот, поодделно.

Сите месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи, врз основа на кои се следи работата на Судот, судиите и другите корисници на системот, се генерираат електронски од АКМИС и редовно се доставуваат до надлежните институции.

За судиите и сите други вработени, овозможен е електронски пристап до информациите потребни во текот на нивното работење. Комуникацијата помеѓу вработените од Судот и вработените во институциите со кои Судот соработува се одвива електронски, со што истата е поефективна и поекономична.

Во три судници во Апелациониот суд Скопје е инсталирана опрема за тонско снимање на судски рочишта, која е конфигурирана согласно потребите на судското работење и е целосно исправна и функционална.

Во текот на 2022 година, од страна на судиите кои постапуват по предмети согласно Законот за парнична постапка, извршено е тонско снимање на 58 рочишта, согласно Упатството за тонско снимање на рочишта изготвено од страна на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите при Врховниот суд на Република Северна Македонија. Земајќи го во предвид значењето на овој систем за успешно одржување на рочиштата согласно ЗПП, сметаме дека е неопходно да се обезбеди тековно одржување.

Во Апелациониот суд Скопје, се користи и „Системот за електронска достава на судски документи". Системот е оценет како ефикасен и едноставен за користење од страна на корисниците. Вработените во судските писарници, по добиена наредба од судиите, вршат електронска достава на разни писмена (одлуки, покани, писма и др.) и притоа не се забележани никакви недостатоци. Во текот на 2022 година извршена е електронска достава на 911 писмена во вкупно 807 предмети.

Во Судот, во текот на извештајниот период, се скенирани околу 3.040 влезни документи (поднесоци во врска со судските предмети доставени директно во Апелационен суд Скопје). Скенираните влезни документи се приклучуваат кон соодветното електронското досие на предметот во АКМИС.

Во текот на 2022 година, вработените во Апелациониот суд Скопје редовно се информирани со објавување на бројни податоци во врска со сите новини во организацијата и работата на Судот, активности на судските оддели, судиите и другите вработени, соработка со други судови и институции, следење на правна легислатива и судска практика, сервисни информации и друго, на интерната web страна, која се хостира локално. На овој начин се постигнува навремено, ефикасно информирање на вработените во Судот, како и заштеда на финансиски средства.

Во текот на 2022 година е продолжено со користење на web порталот на судот (www.asskopje.mk). Редовно се ажурираат и дополнуваат сите предвидени содржини на порталот, а исто така, се следи и автоматското генерирање на податоците од календарот на насрочени предмети, како и објавувањето на анонимизираните судски одлуки.

Во текот на 2022 година, согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите (Сл.в. на РСМ бр.42/20), објавени се вкупно 10.095 одлуки на Апелациониот суд Скопје, со што е постигната ажурност на процесот на објавување на анонимизираните судски одлуки.

Сепак, согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите, останува потребата за донесување на ажурирано Упатство за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот. Сеуште постојат помали технички проблеми од типот на несоодветна автоматска анонимизација на текстот на одлуката или неможност одредена одлука да се анонимизира. Во текот на 2022 година забелажано е нередовно објавување на анонимизираните и публикувани одлуки и нивно појавување на web порталот на судот после неколку денови, односно по интервенција од страна на фирмата задолжена за техничка подршка на порталите.

Од страна на корисниците на web порталот на судот често се пријавуваат проблеми при пребарување на веќе објавените судски одлуки, а најчест проблем е недостапноста на сервисот за пребарување.

Во информатичкото работење на Апелациониот суд Скопје применети се сите барања од правилниците и процедурите донесени согласно Законот за заштита на личните податоци. Со тоа во Судот е подигнато нивото на заштита на податоците кои се предмет на обработка, зголемена е контролата на пристап до ИКТ системите. Редовно се ажурираат и корисничките привилегии кои ги имаат вработените за пристап до АКМИС.

Во текот на 2022 година, во рамки на постапката за набавка на нови сервери и друга ИТ опрема за непречено функционирање на АКМИС системот со сите надградби, во Апелациониот суд Скопје се инсталирани и ставени во функција два нови сервери. При тоа е инсталиран и конфигуриран софтвер за виртуелизација и софтвер за управување со виртуелизираниот кластер, инсталиран е целокупниот потребен системски и апликативен софтвер, мигрирани се постојните софтверски решенија кои се користат во Судот од стариот сервер на новиот кластер.

Со овие активности значително се подобрени условите за функционирање на АКМИС, обезбедено е ефикасно и непречено работење на судот и надминати се проблемите кои се провлекуваа повеќе години наназад (недостаток на дисков простор, работна меморија, процесорна моќ итн.).

Во Судот е направено комплетно преуредување на хардверските компоненти во двата мрежни ормари, РЕК 1 и РЕК2, при што сите мрежни кабли се заменети со нови.

Одредени проблеми во работењето предизвикува застарената пасивна мрежна опрема, инсталирана во 2000 година и чиј пропусен капацитет не ги задоволува потребите на секојдневното работење, па потребна е замена на истата со нова. Исто така, потребна е надградба на активната мрежна опрема која е инсталирана во текот на 2011 година.

Во текот на 2022 година, добиени се 20 нови работни станици, 2 скенери и 2 мрежни печатари. Судот располага со доволен број на работни станици и монитори, но дел од нив се со инсталиран Windows 9 и треба да се заменат со нови. Потребно е да се зголеми и бројот на мрежни печатари и скенери во Судот, со што ќе се обезбедат соодветни услови за работа на сите корисници на системот.

За антивирусна заштита на работните станици, во Судот се користи Kaspersky Security Center 13.2 софтвер. Планирана е негова надградба со следниот период.

Со користење на мултимедијални уреди (камери, микрофони, слушалки, звучници) обезбедени се услови за следење на online состаноци, советувања и сл. за поголем број учесници преку нивните десктоп компјутери.

Се поинтензивната електронска комуникација, посетувањето на online настани, конференции, обуки и сл. ја наметнува потребата од набавка на преносни компјутери опремени со мултимедијални уреди.

Судот не располага со интерен емаил сервер, туку користи емаил адреси хостирани во „Телесмарт Телеком“ ДОО Скопје со што се покрива потребата секој вработен во судот (>150) да има службена емаил адреса, за комуникација со другите вработените и подобрување на ефикасноста на работењето.

Од големо значење за Судот би било електронското поврзување со основните судови од апелационото подрачје Скопје, со што би се овозможила електронска размена на податоци и комплетирање на електронските досиеа на предметите. Со тоа би се намалил обемот на податоци кои треба да се внесуваат во АКМИС и би се поедноставила работата по судските предмети.

Во текот на 2022 година, Апелациониот суд Скопје во своето работење го имплементираше системот за управување со квалитет МКС EN ISO 9001:2015, со кој се опфатени и процесите за подршка од ИКТ областа со што се очекува натамошно унапредување на користењето на инсталираните ИКТ системи и подобрување на квалитетот на обработените податоци во судот.

Со цел редовно одржување на ИКТ системите во судот потребно е да се обезбеди соодветна сервисна подршка за целокупната инсталирана опрема и софтвер, како и обезбедување доволно финансиси средства за потрошни материјали поврзани со истата.

Оптималното користење на потенцијалот кој го нуди информатичката технологија инсталирана во судот налага потреба од континуирана едукација на целокупниот персонален состав на судот за начинот на нејзината употреба, вклучувајќи ги и информатичарите.

Одделението за информатика брои само двајца вработени од кои едниот е инженер – информатичар, а другиот техничар – информатичар. Во текот на 2022 година, направен е обид за зголемување на бројот на информатичари во Судот, но за жал ниту еден кандидат не се пријави на објавените два огласи за вработување на неопределено време.

За да се обезбеди поквалитетна техничка поддршка во користењето на информатичката технологија, неопходно е да се зголеми бројот на извршители – технички лица кои редовно и соодветно стручно ќе се едуцираат за сите области од информатиката кои се веќе применети во Судот или чија имплементација се очекува во скоро време во рамки на процесот на дигитализација на судовите во Република Северна Македонија.

## ***<u>ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ</u>***

### *- НОСИТЕЛИ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА*

Согласно со актот за систематизација и одлука бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година на Судскиот совет на Република Македонија, судиската функција во Апелациониот суд Скопје во текот на 2022 година утврдено е да ја вршат претседател и 51 судија, меѓутоа, во текот на извештајната година, Судот функционираше во нецелосен состав, со тоа што судиската функција ја извршуваше квантитативно променлив состав на судии, со тенденција на пстојан одлив, поради исполнети услови за старосна пензија.

Календарската 2022 година судот ја започнал со 39 судии вклучувајќи го и претседателот на судот.

На 01.07.2022 година на еден судија му престана судиската функција поради исполнување услови за старосна пензија. Во месец септември 2022 година 1 судија е избран за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите и на истиот му мирува судиската функција во судот, а во месец октомври 2022 година 1 судија е избран за судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија и исто така му мирува судиската функција во судот. На 08.11.2022 година на 1 судија му престана работниот однос поради исполнети услови за старосна пензија, како и на двајца судии на 07.12.2022 година. Следствено Апелациониот суд Скопје извештајната 2022 година ја заврши со само 33 судии.

Во судот покрај останатите акти со кои се уредува организацијата и работата, донесена е Програмата за работа на судот за период 01.01.2022 – 31.12.2022 година со која утврдено е во судот да функционираат пет судски оддели во кои се распоредени судиите, а потоа согласно со Програмата за работа изготвен и донесен во смисла на законските и деловничките одредби е Распоред за работа на судиските совети во судот, со кој точно се утврдените и бројот и составот на советите по секој од одделите.

***- СУДСКА СЛУЖБА***

Бројот на судската служба на крајот од 2022 година во Судот изнесува 120 вработени. Во извештајниот период во судската служба на судот реализирани се 5нови вработувања, од одобрени 6 согласно Годишниот план за вработување за 2022 година и за едното непополнето работно место постапката е во тек, огласот е преобјавен од причина што на претходно објавениот немаше пријавено кандидати.

Согласно Годишниот план за вработување за 2021 година во судот, во текот на 2022 година реализирани се 2 вработувања, а едното останато како нереализирано поради непријавени кандидати за тоа работно место.

По пат на склучени спогодби за преземање во текот на 2022 година реализирани се две вработувања.

Во текот на 2022 година во месец јануари и февруари на тројца вработенииm престана работниот однос поради исполнети услови за старосна пензија. Во текот на 2022 година на 3 судски службеници им престана вработувањето по сопствено барање, на еден судски службеник му мирува работното место поради избор на јавна функција, 2 судски службеници користат отсуство поради бременост и раѓање и еден судски службеник користи неплатено отсуство во траење од три месеци.

Во текот на 2022 година во Судот се продолжи со превземање на сите неоходни мерки утврдени согласно протоколите за заштита од вирусот Ковид – 19, донесени од Владата на РСМ, во услови на прогласена пандемија, а во интерес на сочувување на здравјето на вработените и странките.

в.д. Претседател на Судот
м-р Мери Дика Георгиевска

Република Северна Македонија
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Скопје